РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PER CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar më: | 30.12.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 09 | 354/1 | | |

**Одбор за евалуација на високото образование,**

**орган на Агенција за квалитет на високото образование**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: Pranuar: | 12.01.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Nj. org. | Број Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| | | | |

**До Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија**

**За министерката–лично**

**Мила Царовска**

**Предмет: Извештај за работата на Одборот за евалуација**

Почитувана министерке,

Одборот за евалуација согласо чл.53, став 2 од Законот за високото образование (Службен Весник на РМ, бр.82/ 2018) Ви доставува шестмесечен Извештај за работа.

Прилог: примерок од Извештај за работата на Одборот за евалуација.

**28.12. 2020 година**

**Претседател на Одборот за евалуација на високото образование**

**Проф. д-р Марина Митревска**

Прилог

ОБРАЗЕЦ
на
Извештајот за работата на Одборот за евалуација

| 1. Правна рамка |
| --- |
| • Одборот за евалуација врз основа на Закон за високото образование (Службен Весник бр.82. 08.05.2018). Деловник за работа на Одборот за евалуација и извештајот на комисиите за евалуација на високообразовните установи ја следи дејноста на високообразовните установи на кои им е дадена акредитација и решение за почеток на работа.<br>• Го следи и оценува квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, научноистражувачката, уметничката и стручната работа на академскиот кадар на високообразовните установи, а посебно на нивните студиски програми најмалку на секои пет години и врз основа на тоа му предлага на Одборот за акредитација да ја продолжи или одземе акредитацијата.<br>• Предлага Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација до Националниот совет за високо образование.<br>• Дава препораки потребни за подобрување на нормативните и стандардите за вршење на високообразовна дејност.<br>• Врши и други работи согласно Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и за самоевалуација.<br>• Врши и други работи утврдени со Закон- Одборот за евалуација на секои шест месеци доставува извештај за својата работа до министерството надлежно за работите на високото образование и до Националниот совет. Образецот за извештајот го пропишува министерот надлежен за работите на високото образование. Извештајот задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет и на веб страната на министерството надлежно за работите на високото образование. |
| 2. Состав на Одборот за евалуација |

**Шест членови од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Северна Македонија избрани со тајно гласање од Интеруниверзитетската конференција:**

проф.д-р Митко Младенов (природно-математички науки од Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје).

проф. д-р Владо Гичев (техничко-технолошки науки од Универзитет „Гоце Делчев" во Штип).

проф. д-р Јусуф Зејнели (општествени науки од Универзитет во Тетово).

проф. д-р Ирина Петровска (хуманистички науки од Универзитет „Св.Климент Охридски " во Битола).

проф. д-р Руменка Петковска (медицински науки и здравство од Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

Проф. д-р Билјана Кузмановска (земјоделски и ветеринарни науки од Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје).

**Шест члена именувани од Владата на Република Северна Македонија, од редот на професорите во работен однос на јавнитев универзитети во Република Северна Македонија:**

проф. д-р Цвете Димитриевска (Универзитет „Св.Климент Охридски " во Битола)

проф. д-р Марина Митревска (Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје).

проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ (Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје).

проф. д-р Јетмира Алимани Јакупи ( Универзитет во Тетово).

проф. д-р Метуш Сулејмани ( Универзитет во Тетово).

**НАПОМЕНА:** шестиот член не е именуван од страна на Владата на Република Северна Македонија.

**Еден член именуван од најрепрезентативната организација на работодавачите:**

Ангел Димитров (Организација на Работодавачи во Македонија).

**Еден член именуван од Македонската академија на науките и уметностите:**

Академик Владо Матевски (Македонската академија на науките и уметностите).

**Еден член избран од редот на студентите избран од Интеруниверзитетската конференција:**

Бранкица Димитровска (студент од Европскиот Универзитет во Скопје)-
**ЗАБЕЛЕШКА:**Избраниот член од страна на Интеруниверзитетската конференција како студент, по сознанија што ги имаме во меѓувремено дипломирала и никогаш не присуствуваше на седници на Одборот и не учествуваше во неговата работа.

| |
|---|
| 3. Надворешни стручни лица вклучени во постапките за евалуација |
| • Надворешни стручни лица не се вклучени во комисиите, работни групи односно работните тела во периодот за кој се однесува Извештајот, бидејќи од страна на Владата не се утврдени видот и висината на надоместоците за трошоците во постапката на евалуација, како и висината за обемот на извршена работа. |
| **4. Краток преглед за општата оценка за периодот 11/03/2020- 31/12/2020 (6 месеци)** |
| • Во периодот за кој се однесува Извештајот, не беше спроведена евалуација на ниту една високообразовна установа. Во овој период своите активности Одборот ги насочи кон изготвување и усвојување на деловникот за работа, годишниот план за работа, етичкиот кодекс и упатства за изготвување документација за самоевалуација и надворешна евалуација. Активностите на Одборот се состоеја во организација и активна работа преку организирани подгрупи кои беа одговорни за извршување на предвидените работни задачи. Истите беа навремено и професионално реализирани од страна на сите членови на Одборот. Имајќи ги во предвид проблемите кои произлегоа од Covid-19 пандемијата и новонастанатите околности во општеството, Одборот за евалуација одлично ги премости сите недостатоци и ги исполни поставените цели. |
| **5. Краток преглед за наредниот период 01/01/2021- 30/09/2021** |
| Активностите на Одборот за евалуација планирани за периодот 01/2021 до 09/2021 се детално дадени во годишниот план за работа на Одборот за евалуација. Во основа истите вклучуваат:<br>• утврдување на приоритетот за евалуација во рамките на надлежностите на Одборот за евалуација и известување на единиците кои ќе бидат предмет на евалуација за претстојната евалуација – планиран период 01/2021 - 02/2021 година.<br>• разгледување на доставените материјали од страна на Одборот за евалуација и распределба на истите по Стручните комисии - планиран период 03/2021 година.<br>• евалуација на доставените материјали од страна на Стручните комисии при Одборот за евалуација - планиран период 04/2021 година.<br>• посета на единиците на УКИМ од страна на Стручните комисии и средба со комисиите за самоевалуација предложени од страна на високообразовната установапредмет на евалуација - планиран период 05/2021 година.<br>• пишување извештаи и давање оценка за извршената надворешна евалуација од страна на Стручните комисии, како и поднесување на усвојување на истите од страна на Одборот за евалуација на високото образование - планиран период 06/2021 година.<br>• активности и укажувања на Стручните комисии во врска со подобрување на стандардите на оние високообразовни установи кај кои првичните оценки од евалуацијата биле "условно ги задоволува барањата"или ,,не ги задоволува барањата"- планиран период 08/2021 година.<br>• донесување конечно решение за евалуација од Одборот за евалуација за спроведената надворешна евалуација - планиран период 09/2021 година.<br>Се надеваме дека со помош на АКВО и МОН во претстојниот период благовремено ќе се доекипираат Стручните комисии и ќе се отпочне со процесот на евалуација на високобразовните установи |
| 6. Организација на работата |

• Организацијата на работата на Одборот за евалуација, поблиску е уредена со деловникот кој го донесе Одборот за евалуација.

• Одборот за евалуација од редот на членовите избра претседател и заменик претседател.

• Формирани се постојани стручни комисии од соодветните шест научно-истражувачки подрачја, според Меѓународната фраскатиева класификација и избрани се претседатели на истите комисии.

• Формирана е Комисија за изработка на Годишен план за работа на Одборот за евалуација составен од претседател, заменик претседател на Одборот и претседателите на постојаните стручни комисии.

• Формирано е работно тело за спроведување на одредени активности од надлежност на Одборот за евалуација, составен од претседател, заменик претседател на Одборот и претседателите на постојаните стручни комисии

• Одборот за евалуација одржа седум седници и две седници на работно тело, на кои ги анализираше: .

• Предлог Деловник за работа на Одборот за евалуација.
• Предлог Етички кодекс за квалитетно извршување и унапредување на работата на Одборот за евалуација на високото образование.
• Предлог Годишен план за работа на Одборот за евалуација.
• Предлог Решение за исплата на патните трошоци на членовите на Одборот за евалуација, со место на живеење надвор од Скопје.
• Предлог Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација.

И ги усвои:

• Деловник за работа на Одборот за евалуација.
• Етички кодекс за квалитетно извршување и унапредување на работата на Одборот за евалуација на високото образование.
• Годишен план за работа на Одборот за евалуација.
• Предлог Решение за исплата на патните трошоци на членовите на Одборот за евалуација на високото образование.
• Предлог Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација.
• Разгледување на предлог Извештај за самоевалуација и оценување на квалитетот на високообразовната установа и студиските програми.
• Разгледување на Упатства за изготвување на документација за Извештај за самоевалуација и оценување на квалитетот на високообразовните установи и студиските програми.
• Споделена информацијата во однос на досегашните активности за функционирањето на Агенцијата за квалитет на високоото образование, од директорот на АКВО.
• Потпишани Изјави за доверливост за контрола, заштита и неоткривање на доверливите информации, од страна на секој член на Одборот за евалуација на високото образование.
• Разгледување на листа на акредитирани Универзитети во Република Северна Македонија.
• Разгледување на можноста за започнување на постапка за ангажирање на странските експерти во стручните комисии.

| |
|---|
| 7. Преглед на финасиското работење |
| • Во периодот за кој се однесува Извештајот, Одборот за евалуација ја чека Одлуката на Владата, со која ќе се утврдат видот и висината на надоместоците за трошоците во постапката на евалуација, како и висината за обемот на извршена работа. По донесената Одлука, Одборот за евалуација ќе може да се произнесе за финансиското работење. |
| 8. Разгледувани и усвоени прописи |
| • Разгледување напредлог Деловник за работа на Одборот за евалуација.<br><br>• Разгледување напредлог Етички кодекс за квалитетно извршување и унапредување на работата на Одборот за евалуација на високото образование.<br><br>• Разгледување напредлог Годишен план за работа на Одборот за евалуација на високото образование.<br><br>• Разгледување на Законот за националната рамка на квалификации (Службен Весник бр.137/2013 и 30/2016 година).<br><br>• Разгледување на Законо за високото образование (Службен Весник бр.82/2018).<br><br>• Разгледување на Уредба за нормативи и стандарди за основање на високообразовните установи и за вршење на високообразовната дејност.<br><br>• Разгледување напредлог Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација.<br><br>• Разгледување на листа на акредитирани Универзитети во Република Северна Македонија.<br><br>• Разгледување на можноста за започнување на постапка за ангажирање на странските експерти во стручните комисии.<br><br>• Усвојување на Деловник за работа на Одборот за евалуација.<br><br>• Усвојување на Етички кодекс за квалитетно извршување и унапредување на работата на Одборот за евалуација на високото образование.<br><br>• Усвојување на Годишен план за работа на Одборот за евалуација.<br><br>• Усвојување на предлог Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација. |
| 9. Тековна состојба за усогласеноста на постапките со ESG2015<br>• Предлог Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, кој Одборот за евалуација го усвои е целосно усогласен со Стандардите и насоките за обезбедување на квалитет во Европскиот простор на високо образование (*Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area*или ESG, 2015). Овој правен акт е основа за вршење на надворешна и внатрешна евалуацијана високообразовните установи во Република Северна Македонија, во кој поблиску се опишани стандардите и насоките за спроведување на евалуацијата. |
| 10. Систем за обезбедување на квалитет |
| 10.1 Внатрешен систем за обезбедување на квалитети интегритет |

| |
|---|
| Внатрешен систем за обезбедување на квалитет на Одборот, во смисла на формирање на Комисија за самоевалуација на Одборот, се уште не е воспоставен. Од таа причина, во извештајниот период не е спроведен ниту процес на самоевалуација на Одборот. |
| 10.2 Надворешна проверка на работата |
| Надворешна проверка на работата на Одборот за евалуација не е извршена во периодот за кој се однесува извештајот. |

| |
|---|
| 11. Предлози до Одборот за акредитација на високото образование за продоложување на акредитации на студиски програми |
| Одборот за евалуација во изминатите 6 месеци од своето работење нема извршено надворешна евалуација на ВОУ и студиски програми, како што е веќе наведено во точка 4 од овој извештај. Од таа причина, Одборот за евалуација нема доставено предлози за продолжување на акредитации на студиски програми до Одборот за акредитација во овој извештаен период. |
| 12. Предлози до Одборот за акредитација на високото образование за одземање на акредитации на студиски програми |
| Одборот за евалуација во овој извештаен период нема доставено предлози за одземање на акредитации на студиски програми до Одборот за акредитација, од причини кои се наведени во точка 4 и точка 11. |
| 13. Оценка за квалитетот на вршењето на високообразовната дејност |
| Одборот за евалуација во овој извештаен период не може да даде оценка за квалитетот на вршењето на високообразовната дејност на ВОУ во Република Северна Македонија, од причини кои се наведени во точка 4 и точка 11. |
| 14. Оценка за квалитетот на уметничката и стручната работа |
| Одборот за евалуација не може да даде оценка за квалитетот на изведувањето на уметничката и стручната работа на кадарот на ВОУ во овој извештаен период, од причини кои се наведени во точка 4 и точка 11. |
| 15. Оценка за релеватноста и квалитетот на научните истражувања |
| Одборот за евалуација не може да даде оценка за релевантноста и квалитетот на научните истражувања во овој извештаен период, од причини кои се наведени во точка 4 и точка 11. |
| 16. Оценка на квалитетот и релевантноста на докторските, магистерските и специјалистичките трудови |
| Одборот за евалуација не беше во можност да изврши анализи на докторски, магистерски и специјалистички трудови од причини што не се формиранани комисии за евалуација според Законот за високо образование, каде е предвидено дека стручните комисии треба да бидат составени од домашни и странски експерти (две третини треба да бидат странските експерти.), Одборот за евалуација ја чека Одлуката на Владата да го утврди вид и висината на надоместоците за трошоците во постапката за евалуација (патни трошоци, хотелско сместување). |
| 17. Оценка за квалитетот на резултатите од учењето и нивното исполнување според структурата и активностите на студиската програма |
| Одборот за евалуација заради законските пречки не направи оценка за квалитетот на резултатите од учењето и нивното исполнување според структурата и активностите на студиската програма.. Причините се наведени во одговорот на прашањето со реден број 16. |
| 18. Оценка за системите и постапките за самоевалуација и релеватноста на студентските анкети |
| Заради неможноста да се формираат стручните комиси, не се разгледувани и анализирани на постапките за самоевалуација и студентските анкети. |
| 19. Дадени препораки за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовната дејност или дадени други препораки поврзани со делокругот на работа |

| |
|---|
| Стручните комисии во моментов се составени само од домашни експерти, а не и од стански, и со самото ова, не се создаде можност да даде конктертни препораки по извршена евалуација. |
| 20. Оценка за наодите за оценувањата, нивната примена и релевантност, за постигнувањето на резултатите од учењето на студентите кои ги применуваат високообразовните или научните установи |
| Одборот за евалуација не пристапи кон оценувања на постигањата на резултатите од учењето на студентите заради неможноста да се исполнат условите предвидени во Законот за високото образование. |
| 21. Разгледувани жалби и постапките по нив |
| Во Одборот за евалуација во изминатиот период не се водени постапки по жалби |

| |
|---|
| 22. Обуки за членовите на Одборот |
| Членовите на Одборот за евалуација не присуствуваа и Одборот за евалуација не организираш обуки од делокруг на системот за обезбедување на квалитет од неколку причини. Првата, ОЕ во овој предиод не доби ниедна покана од институции и организација кои организираат обуки од делокруг на системот за обезбедување на квалитет, Второ, ОЕ не располага со финансиски средства за да организира обуки и покани предавачи. |
| 23. Обуки за надворешни стручни лица вклучени во постапките за евалуација |
| Во овој период не се реализирани обуки за надворешни стручни лица вклучени во постапките за евалуација на системот за обезбедување на квалитет . |
| **24. Учества на конференции/состаноци** |
| • Двајца членови на Одборот за евалуација на високото образование (проф.д-р. Јетмира Јакупи и проф. д-р. Митко Младенов) беа поканети на on-line состанокот со комисијата од Knowledge Innovation Centar-от, кој се одржа на 5-ти Ноември 2020 година. На состанокот беше дискутирано за реализираните задачи и тековните активностите на Одборот за евалуација за периодот од неговото формирање до одржувањето на состанокот. Имајќи во предвид дека процесот на евалуација на високобразовните установи сеуште не е отпочнат, претседателот на комисијата г-динот Nik Heerens, беше особено заинтересиран за планираните активности кои претстојат пред отпочнување на евалуацијата на високобразовните установи. Притоа, г-динот Heerens, беше задоволен од планираните активности и изрази надеж дека Одборот за евалуација ќе успее да се справи со поставените цели. |
| 25. Посети на делегации |
| • Согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот Ковид 19 и прогласена вонредна состојба, Одборот за евалуација не беше во можност да организира посети на делегации. |
| 26. Остварена соработка |
| • Остварени се средби со: министер за образование и наука Мила Царовска, заменик министер за образование Елизабета Наумовска,директорот на на АКВО проф. д-р Агим Рушити и експертот ангажиран од страна на Светска Банка проф. д-р Зоран Велковски. Остварените средби се во функција на унапредување на квалитетот на работата на Одборот. |
| 27. Издавачка дејност |

| |
|---|
| се наведуваат објавени трудови, летоци, брошури и сл. кои обработуваат прашања поврзани со унапредувањето на квалитетот во високото образование или ги известуваат високообразовните установи, студентите и јавноста за тековни прашања или за политиките за квалитет во високото образование<br>За потреби на Одборот за Евалуација (ОЕ), со цел да се организира неговата работа како и да се обезбеди помошен материјал за ефикасно спроведување на процесот на евалуација, изготвен е работен материјал во форма на упатства, кој се разгледуваше и на седниците на ОЕ, каде се отвори сеопсежна дебата. Материјалите се во завршна фаза, односно потребно е нивно конечно оформување, со цел да се добие квалитетен и применлив материјал за потреби на самоевалуацијата и надворешната евалуација на високообразовните установи и нивните студиски програми. Притоа се земени предвид законските одредби, пропишани во ЗВО, Статутите на универзитетите во РСМ, како и останати законски регулативи поврзани со квалитетот на високото образование. Овие материјали, т.е. упатства, согласно барањето во оваа точка, може да се сврстат во издавачка дејност во која се обработуваат прашања поврзани со унапредувањето на квалитетот во високото образование или ги известуваат високобразовните установи, студентите и јавноста за тековни прашања или за политиките за квалитет во високото образование. Тоа се:<br>• Упатство за изготвување на документација за Извештај за самоевалуација и оценување на квалитетот на високообразовните установи и студиските програми и<br>• Упатство за изготвување на документација за Извештај за надворешна евалуација и оценување на квалитетот на високообразовните установи и студиските програми |
| 28. Состојба со мрежната страница на Одборот |
| http://www.akvo,mk, Службата на АКВО е одговорна за одржување на мрежната страница. Донесените акти од страна на Одборот за евалуација преку архива на АКВО се доставени до АКВО и истите се објавени на Веб страната. |
| 29. Разгледувани документи и тематски анализи |
| • Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија, бр.82/2018 година.<br>• Стандардите и насоките за обезбедување на квалитет во Европскиот простор на високо образование (*Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area*или ESG, 2015).<br>• Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.<br>• Упатства за спроведување и постапка за надворешна евалуација на високообразовните установи и студиските програми.<br>• Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот (УКИМ, 2013 година).<br>• Останата помошна литература, користена при изработка на Упатствата цитирани во точка 27 од овој Извештај.<br>https://www.nat.rs/samovrednovanje/?script=cir |
| |
| |
| Претседател на Одборот за евалуација |
| Место и датум, Скопје 23.12.2020 — Име и презиме, потпис<br>проф. д-р Марина Митревска |